РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr 09-3391/4
03-06-2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од непознат подносител, на 30 – тата седница второ продолжение, одржана на ден 21.05.2020 година донесе

## О Д Л У К А

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување состојба на судир на интереси против лицето -----, член на политичката партија ------, бидејќи не се потврдени наводите од пријавата и не е утврдена состојба на судир на интереси согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-3391/1 од 02.07.2019 година.

Предметот со број 09-3391/1 од 02.07.2019 година, да се затвори и да се архивира.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-3391/1 од 02.07.2019 година е оформен по анонимна пријава, против лицето ------, член на политичката партија ------, со наводи дека истото лице извршило влијание за вработување на негово блиско лице (ќерка) во ОУ -------, во време на избори за Претседател на РСМ 2019 година.

Во самата пријава има наводи дека во истото училиште, партиски е заменет и директорот исто така во тој изборен период.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија прибираше документи и податоци од ОУ --------, по што Државната комисија го утврди следното:

Службеното лице ------- од Скопје е именуван за в.д. директор на ОУ ----- со Решение бр. 08-5658/2 од 18.12.2018 година за период од 6 месеци, од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба. На ден 12.06.2019 година под бр. 08-2406/1 Градоначалникот на Општина Гази Баба го известува в.д. директорот на -----, ------- дека наведената Одлука за именување на в.д. директор истекува на ден 18.06.2019 година, а со оглед на тоа дека на 05.02.2019 година се распишани избори за Претседател на РСМ, нема да може да се започне со постапката за ново вработување на местото директор на ова


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

училиште, по што ------ е задолжен и понатаму да ја извршува функцијата в.д. директор на --------.

На ден 01.07.2019 година под бр. 08-2542/2, Градоначалникот на Општина Гази Баба носи Решение за престанок на функцијата в.д. директор на ОУ --------, а на ден 03.07.2019 година по бр. 08-2688/1 истиот носи Решение за избор на директор на ОУ ------ со кое се избира лицето ------- од Скопје за период од 4 години сметано од денот на стапувањето на сила на ова Решение.

Во однос на вработувањата во ОУ ------ во период од февруари 2019 година до јуни 2019 година, реализирани се 10 постапки за вработување на определено време, после добиена Согласност од МОН бр. 12-8383/20, со објавен Оглас од 29.01.2019 година за вработување на наставен кадар и стручна служба на определено време, најдоцна до 31.08.2019 година. Комисијата за разгледување на документи по објавен оглас изработила Записник од 05.02.2019 со бр. 04-64/1 и Записник од спроведена проверка за познавање на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо со бр. 04-64/2 од 06.02.2019 година, а в.д. директорот на ОУ ---------, Скопје носи Одлука за вработување на определено време за учебната 2018/19 до 31.08.2019 година со бр. 04-64/3 од 07.02.2019 година, по што се вработуваат 9 наставници и 1 педагог.

На седницата одржана на ден 15.05.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека не се потврдуваат наводите од пријавата, односно не е утврдена состојба на судир на интереси согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Изработил: Кате Здравкоска, советник


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk